# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 13, година L**
**Среда, 07.08.2019**
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2019 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2019 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2019 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-101/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за туризам за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за туризам за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за туризам за 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за туризам за 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-101/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за економски развој за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за економски развој за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за економски развој за 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за економски развој за 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-101/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измена на Програмата за туризам за 2019 година**

1. Ја објавувам Програмата за измена на Програмата за туризам за 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/4
07.08.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена на Програмата за туризам за 2019 година

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р. Грција членка на ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.), културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки, иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата, „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

### 1. Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.

Досегашното искуство покажа дека постоењето на информативно-туристичко биро или пункт е основен стандард во сите развиени туристички средини. Освен промотивната функција како објект, неговата улога е информативно-промотивна како кон туристичките посетители така и кон туристичките субјекти од градот: давање на информации за сместување, посета на знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др), влезници за настани и манифестации, објекти, продажба на туристичка мапа, водич, разгледници и сл.

Во зависнот од развојот на ситуацијата обврските и активностите на инфо бирото можат да се зголемуваат во правец на подобрување на туристичката промоција на Битола односно ова биро да ја игра улогата на извршно тело на програмата за развој на туризмот.

Функцијата на бирото налага истото да биде лоцирано на препознатлива локација во централното градско јадро (искуствата покажаа дека е добро да биде со излог, достапен и во објект со културно-историско значење ) или слична атрактивна локација.

**2. Промотивни активности**

**Опис на активности**

- Издавање на туристички брошури
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- Интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- Саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола-ТИМ
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- Обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization – имплементација,
- Мапирање и промовирање на локални знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др)

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и анимирање на посетители и сл. Добро подготвената промотивна стратегија, квалитетно публикуваните промотивни материјали, нивната соодветна дистрибуција, се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

**3. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк „Пелистер“. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк преку изготвена Програма од нивна страна која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина Битола. По завршување на известувачкиот период (2018 г.) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работ. Сите овие активности ќе се регулираат со обостран потпишан Меморандум за соработка помеѓу општина Битола и НП Пелистер за што ќе следи и меѓусебен договор

**4. Тековни активности на одговорните лица за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др.со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл.во насока на подбрување на условите за работа во областа на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.
- Одржување на база на податоци на туристички субјекти и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Измени на Програма за туризам во Општина Битола За 2019 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | **1.580.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **1.580.000,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Имени на Програмата за туризам во Општина Битола**
**За 2019 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 424210 | Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото. | **400.000,00** |
| 2 | 425 920 | Промотивни активности | **600.000,00** |
| 3 | 464 990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | **500.000,00** |
| 4 | 426 (310,410) | Тековни активности на одговорните лица (посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинари, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола. | **80.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **1.580.000,00** |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-101/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2019 година**

1. Ја објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-631/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14…168/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"

бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2019 година**

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2019 година („Службен гласник на Општината Битола" бр.20/18), се врши измена и дополнување на начин што во Дел II, точка 13.1, менуваат потточките 13.1.36 и 13.1.37 и истите ќе гласат:

„13.1.36 ДУП за Довлеџик кај базените блок А.1 – општина Битола
13.1.37 ДУП за Довлеџик кај базените блок А.2 – општина Битола",

се врши измена и дополнување и во Дел II точка 13.4-Локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), по потточка 13.4.7, се додава нова која гласи:

"13.4.8-ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Е2-фотоволтаична централа на КП бр.954 КО Црноец-општина Битола"

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-101/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општината Битола во 2019 година**

1. Ја објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општината Битола во 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-631/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 15 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ" бр. 61/2004; 64/05; 92/07 и 123/12), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за Измени и дополнување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2019 год.**

1. Во Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2019 година („Службен Гласник на Општина Битола„ бр.20/2018 и 10/2019) се вршат измени и дополнувања во деловите на Планирани приходи и Планирани расходи за реализација на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2019 година и после извршените измени истите гласат:

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2019година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Буџет 2019 | Ребаланс на Буџет 2019 | Измени и дополнување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 717116 | Надоместок од комунална дејност за улично осветлување | 62.097.841,00 | 54.678.020,00 | 61.912.020,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **62.097.841,00** | **54.678.020,00** | **61.912.020,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за јавно осветлување за 2019 год.

| Ред. бр. | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет 2019 | I Ребаланс на Буџет 2019 | Измени и дополнување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ј30 | Основен буџет | 421110 | Електрична енергија | 39.600.000,00 | 35.000.000,00 | 35.000.000,00 |
| 2. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (град) | 7.674.740,00 | 7.674.740,00 | **6.474.740,00** |
| 3. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (рурални средини) | 4.900.000,00 | 4.900.000,00 | **3.920.000,00** |
| 4. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (тековно одржување-замена на живини, натриумови и флуоресцентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) | 0,00 | 0,00 | **2.180.000,00** |
| 5. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (подземна и воздушна мрежа) | 2.588.800,00 | 2.562.864,00 | 2.562.864,00 |
| 6. | Ј30 | Основен буџет | 426990 | Услуги од електричарство | 362.260,00 | 307.803,00 | 307.803,00 |
| 7. | Ј30 | Основен буџет | 423990 | Материјали за новогодишни украси и детски фигури | 472.000,00 | 467.823,00 | 467.823,00 |
| 8. | Ј30 | Основен буџет | 424390 | Одржување на други градби | 600.000,00 | 600.000,00 | 600.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | ЈА0 | Основен буџет | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 5.003.101,00 | 2.267.850,00 | **9.501.850,00** |
| *9.1* | | | | ***Михајло А. Дончо*** | ***2.957.088,00*** | ***2.267.850,00*** | ***2.267.850,00*** |
| *9.2* | | | | ***Ѓорги Димитров*** | ***963.001,00*** | ***0,00*** | ***0,00*** |
| *9.3* | | | | ***8-ми Септември*** | ***1.083.012,00*** | ***0,00*** | ***0,00*** |
| *9.4* | | | | ***Крушевска Република*** | ***0,00*** | ***0,00*** | ***920.000,00*** |
| *9.5* | | | | ***Спортска сала „Боро Чурлевски“*** | ***0,00*** | ***0,00*** | ***6.314.000,00*** |
| 10. | ЈА0 | Основен буџет | 482830 | Реконструкција на капацитети во енергетиката | 746.940,00 | 746.940,00 | 746.940,00 |
| | | | | ***Климент Охридски*** | ***746.940,00*** | ***746.940,00*** | ***746.940,00*** |
| 11. | ЈЛ0 | Основен буџет | 482940 | Надзор над изведбата | 150.000,00 | 150.000,00 | 150.000,00 |
| | | | | **ВКУПНО:** | **62.097.841,00** | **54.678.020,00** | **61.912.020,00** |

2. Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-101/8
01.08.2019 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола во 2019 година

1. Ја објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола во 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/7
07.08.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16), Советот на

Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за Измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2019 год.

1. Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2019 година („Службен Гласник на Општина Битола“ бр.20/2018 и бр. 10/2019) се вршат измени и дополнувања во делот на Планирани приходи за реализација на Програмата за утврдување на градежно земјиште на Општина Битола за 2019 година и Планирани расходи за реализација на Програмата за утврдување на градежно земјиште за 2019 година и после извршените измени истите гласат:

### ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА за 2019

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
### за утврдување на градежното земјиште на Општина Битола

| ред. бр. | шифра | Извор на приходи | Буџет 2019 | I Ребаланс на Буџет 2019 | Измени и дополнување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 55.000.000,00 | 55.000.000,00 | 55.000.000,00 |
| 2. | 713311 | Данок на промет на недвижности | 70.000.000,00 | 70.000.000,00 | 62.766.000,00 |
| 3. | 741115 | Дотации од ДДВ | 23.585.250,00 | 97.928.521,00 | 97.928.521,00 |
| 4. | 713144 | Надоместок за утврдување на правен статут на бесправно изградени објекти | 23.000.000,00 | 20.161.368,00 | 20.161.368,00 |
| 5. | 741112 | Буџет на РСМ | 0,00 | 0,00 | 10.917.454,00 |
| | | ВКУПНО: | 171.585.250,00 | 243.089.889,00 | 246.773.343,00 |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2019 год.

| Ред. бр. | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет 2019 | Ребаланс на Буџет 2019 | Измени и дополнување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈД0 | Основен буџет | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 23.034.738,00 | 21.018.558,00 | 28.838.765,00 |
| *1.1* | | | | *ул.„Широка“* | *4.132.317,00* | *3.267.768,00* | *3.267.768,00* |
| *1.2* | | | | *ул.„Михајло Апостолски Дончо“* | *7.000.000,00* | *8.819.588,00* | *8.819.588,00* |
| *1.3* | | | | *ул.„13-ти Јули“* | *6.477.982,00* | *6.477.982,00* | *6.477.982,00* |
| *1.4* | | | | *ул.„Леринска“* | *2.453.937,00* | *2.453.220,00* | *2.453.220,00* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.5* | | | | *ул.„Ѓорги Димитров“* | *2.970.502,00* | *0,00* | *0,00* |
| *1.6* | | | | *ул.„Љубојно“* | *0,00* | ***0,00*** | ***2.279.847,00*** |
| *1.7* | | | | *ул.„Крушевска република“* | *0,00* | ***0,00*** | ***5.540.360,00*** |
| | | | | | | | |
| **2.** | **ЈДО** | **Донации (грант)** | **482120** | **Изградба на улици, патишта и автопати** | **0,00** | **5.000.000,00** | **5.000.000,00** |
| *2.1* | | | | *с. Долно Оризари* | *0,00* | *5.000.000,00* | *5.000.000,00* |
| | | | | | | | |
| **3.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **11.901.176,00** | **9.065.638,00** | **9.065.638,00** |
| *3.1* | | | | *ул.„Михајло Апостолски Дончо“* | *136.880,00* | *136.880,00* | *136.880,00* |
| *3.2* | | | | *ул.„13-ти Јули“* | *813.828,00* | *813.828,00* | *813.828,00* |
| *3.3* | | | | *ул.„Леринска“* | *614.930,00* | *614.930,00* | *614.930,00* |
| *3.4* | | | | *ул.„Ѓорги Димитров“* | *2.835.538,00* | *0,00* | *0,00* |
| *3.5* | | | | *Секундарна мрежа за колектор Б.чешма-Ц.петли* | *4.000.000,00* | *4.000.000,00* | *4.000.000,00* |
| *3.6* | | | | *атм.одводнување во с. Долно Оризари* | *2.500.000,00* | *2.500.000,00* | *2.500.000,00* |
| *3.7* | | | | *Мал Парис* | *1.000.000,00* | *1.000.000,00* | *1.000.000,00* |
| | | | | | | | |
| **4.** | **РА0** | **Фосилни горива** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **14.395.462,00** | **14.395.462,00** | **14.395.462,00** |
| *4.1* | | | | *Дел од колектор Б.чешма- Ц.петли* | *9.580.316,00* | *9.580.316,00* | *9.580.316,00* |
| *4.2* | | | | *Испуст од пречистител. станица* | *4.815.146,00* | *4.815.146,00* | *4.815.146,00* |
| | | | | | | | |
| **5.** | **ЈГ0** | **Донации (грант)** | **482730** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **4.932.395,00** | **4.118.821,00** | **4.118.821,00** |
| *5.1* | | | | *Резервоар и водоводна мрежа за с. Лавци* | *4.932.395,00* | *4.118.821,00* | *4.118.821,00* |
| | | | | | | | |
| **6.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **334.651,00** | **0,00** | **0,00** |
| 6.1 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | *334.651,00* | *0,00* | *0,00* |
| | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482920** | **Изградба на други објекти** | **1.000.000,00** | **0,00** | **8.637.607,00** |
| *7.1* | | | | *Изградба на рампи за лица со попреченост* | *1.000.000,00* | *0,00* | *0,00* |
| *7.2* | **КА** | **Донации** | **482920** | *Изградба на Кино Манаки (завршна фаза- ентериер)* | 0,00 | **0,00** | **8.637.607,00** |
| | | | | | | | |
| **8.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградбата** | **700.000,00** | **700.000,00** | **700.000,00** |
| | | | | | | | |
| **9.** | **ЈД0** | **Кредит АРМ** | **482120** | **Изградба на улици, патишта и автопати** | **44.000.000,00** | **40.962.727,00** | **40.962.727,00** |
| **10.** | **ЈД0** | **Кредит АРМ** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **250.000,00** | **1.824.413,00** | **1.824.413,00** |
| **11.** | **ЈД0** | **Кредит АРМ** | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **150.000,00** | **1.495.694,00** | **1.495.694,00** |
| **12.** | **ЈД0** | **Кредит АРМ** | **482820** | **Изградба на капацитети во енергетиката** | **4.000.000,00** | **4.117.166,00** | **4.117.166,00** |
| **13.** | **ЈД0** | **Кредит АРМ** | **482940** | **Надзор над изградбата** | **507.442,00** | **507.442,00** | **507.442,00** |
| | | | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I:** | **105.205.864,00** | **103.205.921,00** | **119.663.735,00** |
| | | | | | | | |
| **14.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482130** | **Реконструкција на улици, патишта и автопати** | **45.327.405,00** | **78.077.075,00** | **65.302.715,00** |
| *14.1* | | | | *ул,,Климент Охридски“* | | *3.600.000,00* | *3.600.000,00* |
| *14.2* | | | | *ул.,, Д. Илиевски Мурато“* | *10.411.966,00* | *0,00* | *0,00* |
| *14.3* | | | | *ул.,,Рузвелтова“* | *7.500.000,00* | *7.500.000,00* | *7.500.000,00* |
| *14.4* | | | | *ул.,,2-ри Август“* | *2.357.970,00* | *2.357.970,00* | *2.357.970,00* |
| *14.5* | | | | *ул.,,Партизанска“* | *0,00* | *16.530.639,00* | *16.530.639,00* |
| *14.6* | | | | *ул.,,АСНОМ“* | *0,00* | *3.868.315,00* | *3.868.315,00* |
| *14.7* | | | | *ул,,Довлеџик“* | *0,00* | ***20.000.000,00*** | ***7.225.640,00*** |
| *14.8* | | | | *Санација со гранитни полчки (Широк сокак и Стара чаршија)* | *1.500.000,00* | *1.688.099,00* | *1.688.099,00* |
| *14.9* | | | | *Санација на тротоари и улици со бехатон* | *12.772.239,00* | ***14.700.702,00*** | ***13.081.152,00*** |
| *14.10* | | | | *Санација на коловози со гребен асфалт* | *0,00* | ***0,00*** | ***1.619.550,00*** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *14.11* | | | | *Санација на коловози со тампон* | *3.000.000,00* | *2.046.120,00* | *2.046.120,00* |
| *14.12* | | | | *Санација на ударни дупки* | *7.785.230,00* | *5.785.230,00* | *5.785.230,00* |
| **15.** | **ЈД0** | **Донации (грант)** | **482130** | **Реконструкција на улици, патишта и автопати** | **1.201.464,00** | **3.220.291,00** | **3.220.291,00** |
| *15.1* | | | | *локален пат за с.Лавци* | *1.201.464,00* | *3.220.291,00* | *3.220.291,00* |
| | | | | | | | |
| **16.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **6.899.809,00** | **33.320.425,00** | **33.320.425,00** |
| *16.1* | | | | *ул.„Рузвелтова“* | *2.575.871,00* | *2.575.871,00* | *2.575.871,00* |
| *16.2* | | | | *ул.„2-ри Август“* | *2.090.298,00* | *2.090.298,00* | *2.090.298,00* |
| *16.3* | | | | *ул.„Довлеџик“-атм.к.м.* | *0,00* | *8.000.000,00* | *8.000.000,00* |
| *16.4* | | | | *ул.„Довлеџик“-фек.к.м.* | *0,00* | *6.718.851,00* | *6.718.851,00* |
| *16.5* | | | | *Машинско чистење на канали* | *2.000.000,00* | *2.000.000,00* | *2.000.000,00* |
| *16.6* | | | | *Чистење на корито на р.Драгор* | *0,00* | *3.000.000,00* | *3.000.000,00* |
| *16.7* | | | | *Санации на канализациони мрежи, решетки и сливници* | *0,00* | *8.701.765,00* | *8.701.765,00* |
| *16.8* | | | | *Санација на канализациона мрежа на ул.„Х.Т.Карпош“* | *233.640,00* | *233.640,00* | *233.640,00* |
| | | | | | | | |
| **17.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482730** | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **3.339.899,00** | **6.608.093,00** | **6.608.093,00** |
| *17.1* | | | | *ул.„Рузвелтова“* | *1.453.520,00* | *0,00* | *0,00* |
| *17.2* | | | | *ул.„2-ри Август“* | *1.886.379,00* | *1.886.379,00* | *1.886.379,00* |
| *17.3* | | | | *ул.„Довлеџик“* | *0,00* | *4.721.714,00* | *4.721.714,00* |
| | | | | | | | |
| **18.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482930** | **Реконструкција на други објекти** | **6.610.809,00** | **13.989.084,00** | **13.989.084,00** |
| *18.1* | | | | *Школски двор - игралиште во ОУ „Кирил и Методиј“* | *1.809.209,00* | *2.187.484,00* | *2.187.484,00* |
| *18.2* | | | | *Рек. на ѕид на р.Драгор кај п.с. Довлеџик* | *0,00* | *3.000.000,00* | *3.000.000,00* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *18.3* | | | | *Поголеми санации во објекти на О.Б-ла* | *0,00* | *3.000.000,00* | *3.000.000,00* |
| *18.4* | | | | *Набавка на градежни материјали* | *2.801.600,00* | *3.801.600,00* | *3.801.600,00* |
| *18.5* | | | | *Услуга од градежни машини* | *800.000,00* | *800.000,00* | *800.000,00* |
| *18.6* | | | | *Градежно-занаетчиски работи* | *1.200.000,00* | *1.200.000,00* | *1.200.000,00* |
| | | | | | | | |
| **19.** | **ГД0** | **Основен буџет** | **482830** | **Реконструкција на капацитети во енергетиката** | **2.000.000,00** | **3.669.000,00** | **3.669.000,00** |
| *19.1* | | | | *Одржување на с-ми за греење во објекти на О.Б-ла* | *2.000.000,00* | *2.000.000,00* | *2.000.000,00* |
| *19.2* | | | | *Реконструкција на мрежа и трафостаница во нас. Баир (Декада на роми)* | *0,00* | *1.669.000,00* | *1.669.000,00* |
| | | | | | | | |
| **20.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградбата** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| | | | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО II:** | **66.379.386,00** | **139.883.968,00** | **127.109.608,00** |
| | | | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I+II:** | **171.585.250,00** | **243.089.889,00** | **246.773.343,00** |

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-101/9
01.08.2019 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измена на Програмата за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во Општина Битола за 2019 год.

1. Ја објавувам Програмата за измена на Програмата за за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во Општина Битола за 2019 год., донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/8
07.08.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола- бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за Измена на Програмата за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во Општина Битола за 2019 год.

Врз основа на член 162 и член 163 од Законот за основно образование и член 101 и 101 – а од Законот за средно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Се врши измена на програмата за образование во делот на програмата N1- основно образование и тоа :

Ставката 421240 – Течни горива се намалува за износ од 2.400.000,00 денари и ќе изнесува 9.600.000,00 денари. Средствата се пренаменуваат за превоз и ставката 425760- Првозни услуги во образованието се зголемува за тој износ и изнесува 31.971.366,00 денари.

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### Програмата јавни дејности, за економски развој и информатичка технологија во Општина Битола за 2019 година

| Ред. Бр. | ставка | Расходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 421110 | Електрична енергија Програма N-1 | 4.100.000 |
| 2. | 421220 | Дрва и пелети Програма N-1 | 1.400.000 |
| 3. | 421240 | Течни горива Програма N-1 | 9.600.000 |
| 4. | 425760 | Превозни услуги во образованието Програма N-1 | 31.971.366 |
| | | ВКУПНО | 47.071.366 |

Остатокот од средствата кои Општината ќе ги добие по овој основ ќе ги распределува за намени за кои има потреба.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

### ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Одделението за економски развој при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2020 г.

Бр.09-101/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Битола за 2019 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Битола за 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16),Советот на Општина Битола на 37-та седница, одржана на 31.07.2019 година и продолжението на истата одржана на ден 01.08.2019 година ја донесе следнава:

## О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма | Потставка | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JA0** | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 7.234.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 5.540.360 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | -12.774.360 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | -2.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 2.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Битола„ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година

Бр. 09-101/11
01.08.2019

Претседател на Советот на Општината
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Акцискиот план на локален економско-социјален совет на Општина Битола 2019/2022

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Акцискиот план на локален економско-социјален совет на Општина Битола 2019/2022, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-631/10
07.08.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### за усвојување Акцискиот план на локален економско-социјален совет на Општина Битола 2019/2022

1. СЕ УСВОЈУВА Акцискиот план на локален економско-социјален совет на Општина Битола 2019/2022

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-101/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-631/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.08.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05 и 17/08), а во врска со одредбите од член 17 став 6 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05......... 98/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Битола

### Член 1

Во случај на непочитување на договорените услуги, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Битола за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Битола, во износ на искористените средства од Договорите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Битола и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Битола до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05......... 98/19).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-101/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договори за грант, согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Битола и Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија**

